## Упатство за подесување на Windows XP за користење на македонска поддршка

Во денешно време се позачестена е размената на документи во електронска форма. Користењето на Интернет исто така е се поактуелно. Дали некогаш Ви се има случено кога ќе посетите некоја веб страна, кога ќе се обидете да прегледате некој мултимедијален CD-ром или кога работите на некој документ, место разбирлив текст да гледате текст кој личи како да е пишуван со хиероглифи?

Најчесто овој проблем се појавува поради несоодветно подесување на системот за користење на различни кодни страни и јазични поддршки.

Во ова упатство ќе Ви покажеме како сами да си го подесите компјутерот за користење на македонска кодна поддршка.

Прво нешто што треба да направите е да се најавите како администратор на компјутерот или доколку сте најавени како некој корисник да бидете сигурни дека тој корисник има администраторски привилегии.

Одиме во **Control Panel** и ја избираме опцијата **Regional and Language Options**.



Ќе го добиете следниот прозорец. Во делот **Standards and formats** од паѓачката листа ја избираме опцијата FYRO Macedonian. Ова е првиот чекор.




Потоа во долниот дел од прозорецот т.е во **Location** од листата повторно избираме Macedonia.



Јазичето **Languages** се однесува на влезните јазици т.е. типови на тастатури кои се користат.




Со кликање на копчето **Details** се отвора следното прозорче.



Тука се подесува тастатурата која системот ја подразбира кога се подига. Во **Default input language** на сликата е избран English (US) јазикот.

Што значи ова?

Кога го стартуваме компјутрерот автоматски е подесен за користење на латинична т.е. англиска тастатура. Доколку тука избереме FYRO Macedonian при старување на компјутерот автоматски ќе користи македонска поддршка.




Овој избор не го препорачуваме за корисници кои немаат поголемо искуство во работа со компјутери. Еве еден пример на забуна која се случува при избор на оваа опција. При старутување на компјутерот, се обидувате да ја внесете вашата лозинка за пристап и не сака да ја прифати. Една од можните причини за ова е претходно внесена лозинка со латинична тастатура. За да добиете пристап потребно е лозинката повторно да ја внесете со латинична тастатура. За промена од латинична на крилична тастатура ја корисиме кратенката **Alt+Shift**.

Препорака: Во јазичето Languages  не избираме ништо, едноставно го прескокнуваме и одиме на јазичето Advanced.

Во следното прозорче во делот **Languages for non-Unicode** programs повторно избираме Macedonian. Во долниот дел од прозорчето ја штиклираме опцијата овие подесувања да се пренесат и на стандардниот корисник, и на крајот кликнуваме на OK.




Ова се потребните подесувања на компјутерот со Windows XP за користење на македонска поддршка. Слични се и подесувањата за останатите Windows оперативни системи.